# УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ

**Пред употребата на лекот внимателно прочитајте го упатството:**

- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт.
- Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.
- Во колку некое несакано дејство стане сериозоно, или забележите некое несакано дејство кое не е наведено во ова упатство, информирајте го Вашиот доктор или фармацевт

**Упатството за пациентот содржи:**

1. Што претставува Цефексин таблети и за што се употребува
2. Што мора да знаете, пред да ги земете/употребите Цефексин таблети
3. Како да ги земате/ употребувате Цефексин таблети
4. Можни несакани дејства
5. Чување и рок на употреба на Цефексин таблети
6. Дополнителни информации

## CEFEXIN® / ЦЕФЕКСИН 400 MG ФИЛМ ОБЛОЖЕНИ ТАБЛЕТИ CEFIXIME

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА ЦЕФЕКСИН ТАБЛЕТИ И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Цефексин таблетите припаѓаат на групата на лекови наречени цефалоспорини, тоа се всушност антибиотици и се користат за лекување на бактериски инфекции.

Цефексин таблетите се користат за лекување на инфекции предизвикани од бактерии чувствителни на цефиксим како што се: акутни инфекции на горните и долните респираторни патишта, вклучувајќи и воспаление на грлото и крајниците, влошување на хроничен бронхитис, пневмонија, акутно и хронично воспаление на синусите; акутно воспаление на средното уво; инфекции на уринарниот систем; некомплицирана гонореја и други инфекции.

## 2. ШТО МОРА ДА ЗНАЕТЕ, ПРЕД ДА ГИ ЗЕМЕТЕ/УПОТРЕБИТЕ ЦЕФЕКСИН ТАБЛЕТИ

Не земајте Цефексин таблети доколку сте алергични (преосетливи) на цефиксим, други антибиотици од групата на цефалоспорини или било која друга состојка на лекот.

**Бидете внимателни со Цефексин таблети**

- Доколку сте алергични на пеницилин или на некој друг антибиотик.
- Доколку имате проблеми со бубрезите.

- Доколку имате заболувања на дигестивниот систем.
- Доколку сте бремена, се сомневате дека сте бремена или доите.

**Земање на други лекови со Цефексин таблети**
Ве молиме информирајте го Вашиот лекар за лековите кои ги земате или неодамна сте ги земале, вклучително и лековите набавени без рецепт.

Информирајте го Вашиот лекар ако земате Цефексин таблети во комбинација со:

- одредени антибиотици (аминогликозиди, полимиксин Б, колистин, виомицин)
- диуретици, бидејќи е потребно внимателно да се следи функцијата на бубрезите, особено ако функцијата е веќе нарушена (Ве молиме погледнете го делот 4. Можни несакани дејства).
- нифедипин (лек што се користи за лекување на аритмии и висок притисок),
- лекови кои го спречуваат згрутчувањето на крвта

Во тек на лекувањето со цефалоспорински антибиотици некои лабораториски тестови (директен Кумбсов тест, гликоза во урината), може да дадат лажно позитивен резултат.

**Земање на храна и пијалоци со Цефексин таблети**
Цефексин таблетите потребно е да се земаат со доволна количина на течности, независно од оброкот.

**Бременост и доење**
*Советувајте се со Вашиот доктор или фармацевт пред да земете каков било лек во колку сте бремени, мислите дека сте бремени или сакате да забремените или доите.*
Не се препорачува примена на лекот за време на бременост или доење, освен доколку лекарот смета дека тоа е неопходно.

## 3. КАКО ДА ГИ ЗЕМАТЕ/ УПОТРЕБУВАТЕ ЦЕФЕКСИН ТАБЛЕТИ
Секогаш земајте ги Цефексин таблетите точно онака како што Ви препишал лекарот. Посоветувајте се со Вашиот лекар доколку не сте сигурни за нешто. Бројот на таблети што ќе ги земате ќе зависи од Вашата состојба. Овој лек мора секогаш да се зема во исто време од денот.

Вообичаена доза за возрасни е 400 mg (1таблета) дневно. Деца постари од 12 години се лекуваат со исти дози како и возрасните.
За лекување на инфекции на долниот уринарен систем кај жени се препорачува поединечна доза од 400 mg (1 таблета) или тридневно лекување.
За лекување на некомплицирана гонореја на грлото на матката и/или на мочниот канал, се препорачува поединечна доза од 400 mg (1 таблета).
Доколку сте постари или имате проблеми со бубрезите, Вашиот лекар може да Ви ја намали дозата.
Вообичаеното времетраење на терапијата е 7-14 дена, зависно од тежината на инфекцијата. Инфекциите со стрептококи треба да се лекуваат најмалку 10 дена. Важно е, според инструкциите на лекарот, целосно да се заврши терапијата. Цефексин таблетите не се препорачуваат за деца помлади од 12

година. Наместо таблети може да се користи Цефексин прашок за перорална суспензија.

***Ако сте земале повеќе од лекот Цефексин таблети одколку што требало?***

Доколку сте земале преголема количина на лекот одеднаш, веднаш побарајте лекарска помош.

Во случај на предозирање се препорачува испирање на желудникот.

***Ако пропуштите да го земете лекот Цефексин таблети***

Не земајте две дози одеднаш за да надоместите за пропуштената доза.

Пропуштената доза треба да се земе што е можно поскоро. Ако се приближува времето на следната доза, треба да ја прескокнете испуштената доза и да продолжите со вообичаеното дозирање.

Во случај на било какви нејасности или дополнителни прашања во врска со примената на Цефексин таблетите, консултирајте се со Вашиот лекар или фармацевт.

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

Како и сите лекови и Цефексин таблети може да има несакани дејства, иако истите не се јавуваат кај сите пациенти.

Доколку се појави било кој од следниве симптоми, важно е да веднаш да се јавите кај лекар.

Несаканите дејства се класифицирани според зачестеноста:

**Помалку чести** (се јавуваат кај помалку од 1 на 100 пациенти, но повеќе од 1 на 1000 пациенти): пролив, главоболка, осип, слабост, замор, мачнина, повраќање, покачени вредности на ензимите на црниот дроб.

**Ретки** (се јавуваат кај помалку од 1 на 1000 пациенти, но повеќе од 1 на 10 000 пациенти): бактериски и габични суперинфекции, зголемување на бројот на еден вид на бели крвни клетки (еозинофилија), реакции на преосетливост, анорексија, вртоглавица, надуеност, оток на кожата и слузокожата на дигестивниот систем, јазикот и грлото (ангионевротски едем), јадеж, воспаление на слузницата, покачена температура, покачени нивоа на уреа во крвта.

**Многу ретки** (се јавуваат кај помалку од 1 на 10 000 пациенти, но повеќе од 1 на 100 000 пациенти): воспаление на цревата предизвикано од лекот, намалување на бројот на белите крвни клетки (леукопенија, агранулоцитоза), намалувањето на бројот на сите крвни клетки (панцитопенија), намалувањето на бројот на крвните плочки (тромбоцитопенија), намалување на бројот на црвените крвни клетки (анемија), сериозни реакции на преосетливост (анафилактичка реакција, серумска болест), хиперактивност, воспаление на црниот дроб, жолта боја на кожата и очите (жолтица), сериозни кожни реакции (*Stevens-Johnson* синдром , токсична епидермална некролиза), воспаление на бубрезите, покачени вредности на креатинин во крвта.

Опишана е појава на грчеви кај пациентите кои земале цефалоспорински антибиотици па затоа не може да се исклучи појавата на грчеви кај пациентите кои земаат Цефексин таблети.

**Во колку некое несакано дејство стане сериозно, или забележите несакано дејство кое не е опишано во ова упатство, информирајте го Вашиот лекар или фармацевт.**

## 5. ЧУВАЊЕ И РОК НА УПОТРЕБА НА ЦЕФЕКСИН ТАБЛЕТИ

Лекот да се чува на температура до $25^{0}$C.
**Лекот да се чува на места недостапни за деца.**

*Рок на употреба*
Да не се употребува по изминувањето на рокот на употреба означен на пакувањето.
Датумот на истекот на рокот на употреба се однесува на последниот ден од наведениот месец.

Лековите не треба да се фрлаат во отпадна вода ниту во смет од домаќинството. Прашајте го Вашиот фармацевт како да ги отстраните лековите кои повеќе не Ви се потребни. Овие мерки ќе помогнат да се заштити околината.

## 6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ.

***Што содржат Цефексин таблети?***

- Активна супстанција на Цефексин таблети е цефиксим. Една филм-обложена таблета содржи 400 mg цефиксим во облик на цефиксим трихидрат.

- *Помошни супстанции*: микрокристална целулоза; прежелатинизиран скроб; колоиден безводен силициум диоксид; магнезиум стеарат; безводен калциум хидрогенфосфат; боја: *Opadry White*: хипромелоза; титан диоксид (Е171); полиетиленгликол.

**Како изгледа и што содржи пакувањето на Цефексин 400 mg филм обложени таблети**
Цефексин 400 mg филм - обложени таблети се бели до речиси бели, филм обложени таблети, со модифициран правоаголен облик и со делумна разделна линија на двете страни.
Цефексин 400 mg филм - обложени таблети се достапни во пакување од 10 филм обложени таблети во блистер, во кутија.

**Производител**
PLIVA HRVATSKA d.o.o.
Prilaz baruna Filipovića 25 10000 Загреб, Р.Хрватска

**Носител на одобрение за ставање на лек во промет**
ПЛИВА ДООЕЛ Скопје
Ул.Никола Парапунов бб 1000 Скопје Р. Македонија

**Начин на издавање**
Лекот може да се издава само на лекарски рецепт (Р)

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**
Мај 2014година

**Број на одобрение за ставање на лекот во промет**